Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ, по скратена постапка

**Скопје, јуни 2025 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКЁС SË MAQEDONISË SË VERIUT
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
13. 06. 2025
08 3402/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка.

Пратеници:

.

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Со Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 74/24) се уредуваат планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви. Стоковните резерви се формираат од производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Република Македонија. Стоковните резерви ги сочинуваат: пченица, пченка, јачмен, оризова арпа, прехранбена сол, сурово сончогледово масло, нафтени деривати, лекови и медицински средства. Стоковните резерви се користат во случај на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. Со членот 6 од Законот за стоковните резерви е предвидено дека стоковните резерви се формираат со набавка, на начин и постапка утврдени со закон и другите прописи кои ги регулираат јавните набавки.

Согласно постојното законско решение, Владата нема законско овластување да донесе посебна одлука за откуп на производи кои се од исклучително значење за животот на населението, директно од производителите на земјоделски производи.

Со предложеното законско решение ќе се овозможи Владата да има право да ги утврди количините на земјоделскиот производ што сака да ги откупи за потребите на стоковните резерви, откупната цена, како и други услови кои се релевантни во конкретниот случај. Исто така, Владата ќе има право откупот да го врши директно од производителите

Со цел да се надминат проблемите со откуп на производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Македонија и да се спречат поголеми нарушувања во стопанството односно пазарот, а со тоа и да се поттикне земјоделското производство се предлага изменување на Законот за стоковните резерви.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предложениот закон се заснова на истите начела и решенија на кои се заснова и Законот за стоковните резерви.

Основна цел на Предлогот на законот е да се овозможи Владата да има законско овластување да донесе посебна одлука за секој одделен откуп во која ќе ги утврди количините на земјоделскиот производ што сака да ги откупи и откупната цена, како и други услови кои се релевантни во конкретниот случај, како и да има право откупот да го врши директно од производителите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон нема да предизвика финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување на Законот за стоковните резерви нема да предизвика дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за стоковните резерви (,,Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 74/24) членот 6 се менува и гласи:

„Набавката на производи за стоковните резерви се врши согласно со прописите со кои се уредуваат јавните набавки и класифицирани информации, освен во случаите кога се врши откуп на земјоделски производи од производителите на земјоделски производи или кога примената на постапка за јавна набавка би довела до откривање класифицирани податоци, за што Владата носи посебна одлука. “

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со измената на членот 6 од Законот за стоковните резерви се овозможува Владата да има законско овластување да донесе посебна одлука за откуп на производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Македонија, а во која ќе ги утврди количините на земјоделскиот производ што сака да ги откупи и откупната цена, како и други услови кои се релевантни во конкретниот случај. Исто така, Владата ќе има право откупот да го врши директно од производителите.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со измените кои се предлагаат ќе се надминат проблемите со откуп на производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Македонија, ќе се спречат и отстранат поголеми нарушувања во стопанството и ќе се поттикне земјоделското производство.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 6

Стоковните резерви се формираат со набавка, на начин и постапка утврдени со закон и другите прописи кои ги регулираат јавните набавки.